## ПРОГРАМА ЗА ВОЛОНТЕРСКА РАБОТА ВО ЦНВП СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЦНВП-Организација за поврзување на природни вредности и луѓе, како здружение на граѓани во согласност со законот за волонтерство организира  волонтерска работа во својата канцеларија во Скопје. Преку вклучување на волонтери во нашата работа се стремиме кон подобрување на квалитетот на работата и воедно го промовираме волонтерството и општествената одговорност кај младите и младите професионалци во заедницата. Истовремено ги зајакнуваме капацитетите и вештините на волонтерите и им овозможуваме да се стекнат со дополнителни знаења и искуство.

Во склоп на редовните активности на организацијата, предвидено е да се ангажира волонтер/ка кој/а ќе биде активно вклучен/а во работата на организацијата. Волонтерот ќе има можност да стекне практично искуство во следниве области:

- работа на проекти финансирани од разни донатори
- комуникација и соработка со други граѓански организации, фондации и институции, меѓу кои и Европската унија
- организација на настани, консултации со засегнати страни и спроведување на истражувања и анализи.
- надградба и зајакнување на сопствени капацитети
- стекнување со нови знаења и искуства
- стекнување на искуство при работа во тим на проекти
- патувања
- учество на конференции, семинари и други образовни настани (добивање сертификати)
- можност за вработување во случај на добиена финансиска поддршка

**ЦНВП Северна Македонија ја организира волонтерската програма во своите простории во Скопје. Ќе биде ангажиран/а еден волонтер/ка во период од 6 месеци**. Волонтерот ќе има активности во просек по 40 часа неделно. **За покривање на трошоците за храна и превоз, волонтерите ќе добиваат месечен надомест во износ од 9000 денари.** Главни волонтерски задачи би биле:

- подготовка на информативни материјали за активности и иницијативи на организацијата;
- следење на тековни медиумски објави/настани од интерес за проектите и организацијата;
- поддршка во вршење истражувања и анализи;
- поддршка при организирање обуки и настани;
- присуство на состаноци и средби со партнерски организации/институции;
- други тековни активности од работењето на организацијата.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните критериуми:

- Познавањето на Англиски јазик е од суштинско значење
- Солидни компјутерски вештини (Microsoft Word, Excel, PowerPoint)
- Солидни комуникациски вештини и способност за запазување крајни рокови
- Апликантите треба да бидат под 30-годишна возраст

**Заинтересираните кандидати може да аплицираат со испраќање мотивациско писмо (на англиски) и професионална биографија (CV) на** recruitment@cnvp-eu.org **заклучно со 07.01.2024 г.**

Само кандидатите кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат контактирани.